**О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 19**
**02.07.2010 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Јули, 2010**

**Д е л ч е в о**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од Тринаесеттата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во ,, Службен гласник на Општина Делчево,, актите на Советот на Општина Делчево, коишто Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **Тринаесетта редовна седница** одржана на **01.07.2010** година и тоа:

1. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Делчево за 2010 година;

2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2010 година;

3. Одлука за одобрување на приоритетни објекти за апликација по Проектот за рахабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР);

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,, Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 08- 1317/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.07.2010 год.** **Градоначалник,**
**Делчево** **Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 5/2002) и член 3 од Статутот на Општина Делчево (" сл.гласник на општина Делчево" бр. 12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница одржана на ден 01. 07. 2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на распоредот на средствата**
**во Буџетот на општина Делчево за 2010 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Делчево за 2010 година и тоа на следниот начин:

**Потпрограма**
**Потставка**

| D00 | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | **Буџет** | **Самофин** | **Донации** | **Дотации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 471110 | Социјална парична помош | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **Градска администрација** | | | | | |
| 404150 | Други надоместоци | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **G10** | **Поддршка на ЛЕР** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | -140.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 411110 | Финансирање на нови програми и потпрограми | -360.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J80** | **Други комунални услуги** | | | | | |
| 424390 | Одржување на др. градби | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | | |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 0 | 0 | -120.000 | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 120.000 | |
| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 426210 | Расходи за репрезентација | -50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 480140 | Купување на инф. и видео опрема | 0 | -30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 413110 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | -50.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | | | 0 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | -40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | 0 | -250.000 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 90.000 | 0 | 250.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Делчево за 2010 година.

**Број 07-1309/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.07.2010 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 36, став ,1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( " Сл. весник на РМ" бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007), како и член 3 од Статутот на Општина Делчево ( "Сл. гласник на општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 13. редовна седница, одржана на ден 01.07. 2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2010 година**

Во Одлуката за за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2010 година се вршат следните измени:

Член 1

Во членот 9 износот "26.229,00 денари" се менува со износот "25.726,00 денари", согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ ( "Сл. весник на РМ" бр. 42/2010).

Член 2

Во членот 10, процентот "70%" се заменува со процентот "5о%", согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ ( "Сл. весник на РМ" бр. 42/2010).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во " Сл. гласник на Општина Делчево".

**Бр. 07-1310/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.07. 2010 г.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ број 5/2002) и Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР), Советот на Општина Делчево на својата 13. седница одржана на ден 01.07. 2010 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За одобрување на приоритени објекти за апликација по Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР)**

Член 1

Се одобрува листата на приоритени објекти за апликација по Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР) како што следува:

1. Изградба на дел од локален пат Л-7. отклон од регионален пат П-522- с.Косово Дабје-Општина Делчево
2. Изградба на дел од локален пат Л-3,Делчево- с,Очипале-Драмче-Вратиславци, делница Делчево-Очипала
3. Изградба на дел од локален пат Л-11, отклон од М5-с.Драмче-Селник, делница од М5 до „Димовска маала„
4. Реконструкција на локален пат Л-18, отклон од регионален пат Р523-с.Нов Истевник, делница од Р-523 до „Балабанска маала„
5. Довршување на локален пат Л-17, отклон од регионален пат Р-523-с.Стар Истевник .

Член 2

Се задолжува стручните служби при Општина Делчево да ја припремаат целокупната техничка документација (изработка на идејни и основни проекти, прибавување на Одобрение за градење и други акти) за поднесување н апликации по усвоената приоритетна листа по оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука е составен дел на техничката документација за апликација по Проектот за рехабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1311/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.07.2010 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски , с.р.**

# СОДРЖИНА

1. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Делчево за 2010 година;.................................................................. 3

2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2010 година;......................................4

3. Одлука за одобрување на приоритетни објекти за апликација по Проектот за рахабилитација и подобрување на локалните патишта преку фондовите на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР);................. 5

**Т/С**